

**Самовила Македонска** е поема напишана од македонскиот национален и револуционерен деец Ѓорѓија Пулевски. Поемата е напишана во 1878 година во Софија, непосредно во годината на револуционерните збиднувања со Македонското (Кресненско) востание, Руско-турската војна во Големата источна криза (кога е ослободена Бугарија) и Берлинскиот конгрес. Преку песната Ѓорѓија Пулевски ги искажува силните стремежи и традиции на македонскиот народ, сакајќи со силен патриотски набој да го крене македонскиот народ на ослободителна борба против поробувачите, потсетувајќи го на сопственото славно минато и историја на Македонија од времето на Филип Македонски и Александар Македонски. Оваа поема е сведоштво за свеста на македонското преродбенско ослободително движење за поврзаноста со Античките Македонци како доказ и стожер за македонската национална посебност и самобитност.

**Дел од текстот на Самовила Македонска**

***Дал' сте чуле, Македонци, стари људи оту говорат:***

***От Македонци појунаци над них не било-***

***Цар Александар Македонски тристо лета пред Христа***

***Со Македонци сву вселену повладал***

***Наш краљ Филип - Славјанин је, Цар Александар - Славјанин***

***Наши баби Славјанки ги родиле.***

***Македонци, сетите се за јунакство македонско,***

***та спроти старих вије сега да следувате***